**20130611348**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

Врз основа на член 66 став 6 од Законот за заштита на децата (“Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13), министерот за труд и социјална политика донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА НАЧИНОТ НА ДАВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ НА ЈАВНАТА ДЕТСКА ГРАДИНКА ВО ДРУГИ ПРОСТОРНИ УСЛОВИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на давање на услугите на јавната детска градинка во други просторни услови.

Член 2

За давањето на услуги во други просторни услови јавната детска градинка и родителот/старателот на детето договорот го склучуваат во писмена форма.

Член 3

Јавната детска градинка услугите во други просторни услови ги дава:

- врз основа на програма за работа во посебни просторни услови изготвена од страна на јавната  детска градинка;
- во хомогена, хетерогена  или комбинирана група на деца;
- преку згрижување, воспитание, исхрана, престој и нега на деца и обезбедување опрема и соодветен стручен и друг потребен кадар согласно стандардите и нормативите за вршење на дејност на установите за деца од член 100 став 4 од Законот за заштита на децата (“Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13).

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 11 - 2748/1
19 април 2013 година
Скопје

Министер,
**Спиро Ристовски,** с.р.